# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 19 септември 1997
Скопје
Број 47 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**918.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО

Се прогласува Законот за јавното правобранителство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 септември 1997 година.

Број 08-2822/1
10 септември 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

### ЗАКОН
### ЗА ЈАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се основа Јавно правобранителство на Република Македонија (во натамошниот текст: Јавно правобранителство), се уредува организацијата и надлежноста и се утврдуваат условите и постапката за именување и разрешување на јавниот правобранител и заменици на јавниот правобранител.

Член 2

Јавното правобранителство се основа како служба на Владата на Република Македонија која презема со закон определени мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и врши и други работи утврдени со закон.

Член 3

Јавното правобранителство ги врши своите функции врз основа и во рамките на Уставот и законот.

Член 4

Функцијата на Јавното правобранителство ја врши јавниот правобранител на Република Македонија (во натамошниот текст: јавен правобранител).

Јавниот правобранител има заменици.

Владата на Република Македонија утврдува критериуми за определување на бројот на замениците на јавните правобранители и го определува бројот на замениците на јавните правобранители.

Член 5

Јавниот правобранител ја застапува Република Македонија и нејзините органи пред судовите, други органи и правни лица и пред странските судови и странски органи во имотно-правните спорови со странски физички или правни лица.

Јавниот правобранител може да овласти лице работник во државен орган со положен правосуден испит, кој работи на правни работи да застапува пред судовите, други органи и правни лица во имотно-правните спорови.

Јавниот правобранител, ако според прописите на странската држава, не може непосредно да застапува пред нејзините судови и други органи, ќе се овласти друго лице кое според прописите на соодветната држава во определен предмет може да го замени во застапувањето.

### II. НАДЛЕЖНОСТ

Член 6

Јавниот правобранител го претставува Јавното правобранителство, раководи со неговата работа и ги презема дејствијата за кои е овластен со овој и друг закон.

Јавниот правобранител за својата работа и работата на Јавното правобранителство и одговара на Владата на Република Македонија.

Кога јавниот правобранител е отсутен или спречен да ја извршува својата функција го заменува заменик кој што тој ќе го определи или замеников определен со годишниот распоред за работа.

Јавниот правобранител и замеников на јавниот правобранител се должни да го чуваат угледот на функцијата што ја вршат.

Член 7

Замеников на јавниот правобранител може да ги презема сите дејствија во постапка пред суд, друг орган или правни лица за кој со закон е овластен јавниот правобранител.

Замеников на јавниот правобранител за својата работа му одговара на јавниот правобранител и на Владата на Република Македонија.

Член 8

Државните органи се должни да му доставуваат на јавниот правобранител податоци и известувања заради правна заштита на имотните права и интереси на Републиката.

Член 9

Јавниот правобранител по прашања од значење за остварување на функцијата и по прашања од заеднички интерес соработува со судовите, другите органи и правни лица.

Член 10

Државните органи на Република Македонија го известуваат јавниот правобранител за секој имотно-правен спор со домашни или странски физички и правни лица.

Известувањето од став 1 на овој член се доставува најдоцна во рок од три дена по настанување на спорот.

Известувањето содржи податоци за странките, предметот и вредноста на спорот, правниот однос од кој настанал спорот и други потребни податоци.

Член 11

Јавниот правобранител пред поведувањето постапка пред суд презема потребни дејствија заради спогодбено решавање на спорниот имотно-правен однос.

Лицето кое ќе одлучи да поведе судска постапка против Република Македонија, може да се обрати до јавниот правобранител заради спогодбено решавање на спорниот однос. Јавниот правобранител се произнесува по предлогот за спогодбено решавање на спорниот однос во рок од 15 дена. Доколку во тој рок тоа не се произнесе, се смета дека не е прифатен предлогот на лицето за спогодбено решавање на спорниот однос.

Член 12

Ако јавниот правобранител оцени дека не треба да се поведе постапка пред суд или друг орган или треба да се повлече тужба, се откаже од тужбеното барање или од предлог за извршување, да се признае барање на противната странка или да се склучи порамнување, ќе побара од државниот орган што го застапува да се изјасни за натамошното застапување.

Ако меѓу јавниот правобранител и државниот орган што го застапува не се постигне согласност за прашањата од став 1 на овој член, јавниот правобранител ќе побара за тоа да одлучи Владата на Република Македонија.

Член 13

Кога во текот на постапката судовите и други органи ќе утврдат дека е потребно да се преземат мерки за заштита на имотните права и интереси на Републиката и нејзините органи, без одлагање ќе го известат јавниот правобранител заради преземање на со закон определени дејствија и мерки.

Член 14

Трошоците за застапување од страна на јавниот правобранител се определуваат според Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

Средствата наплатени на име трошоци за застапување се приход на Буџетот на Република Македонија.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 15

Вршењето на јавно-правобранителската функција на територијата на Република Македонија се извршува преку јавниот правобранител и неговите заменици, за подрачјата на општините кои се утврдуваат со одлука на Владата на Република Македонија.

## IV. ИМЕНУВАЊЕ

Член 16

Владата на Република Македонија го именува и разрешува јавниот правобранител и неговите заменици.

Член 17

Владата на Република Македонија го огласува именувањето на јавниот правобранител и заменикот на јавниот правобранител во „Службен весник на Република Македонија“ и дневниот печат најдоцна 15 дена од влегувањето во сила на Одлуката за определување на бројот на замениците на јавните правобранители односно веднаш по упразнувањето на местото јавен правобранител или заменик на јавен правобранител.

Со огласот се известуваат заинтересираните кандидати во рок од 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ да поднесат пријава до Владата на Република Македонија.

Член 18

За јавен правобранител и заменик на јавен правобранител може да биде именуван државјанин на Република Македонија кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање работен однос во државен орган, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит и кој ужива углед за вршење на јавно-правобранителската функција.

Покрај условите од став 1 на овој член за јавен правобранител лицето треба да биде истакнат правник и да има работно искуство со потврдени резултати по положениот правосуден испит на правни работи над 12 години, а за заменик на јавен правобранител лицето треба да има искуство со потврдени резултати по положениот правосуден испит на правни работи над три години.

Член 19

Јавниот правобранител, односно заменикот на јавниот правобранител се именува за време од четири години со право повторно да биде именуван.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Јавното правобранителство на Македонија продолжува со работа како служба на Владата на Република Македонија според организацијата и надлежноста уредени со овој закон и согласно со општите акти за организација и за систематизација на работите и задачите на јавното правобранителство од 1 јануари 1998 година.

Општинските јавни правобранителства и Јавното правобранителство на град Скопје престануваат со работа со денот на примената на овој закон.

Член 21

Работниците, опремата, инвентарот, работните простории, возила и друг вид инвентар, архивата, документацијата и средствата за работа на општинските јавни правобранителства и Јавното правобранителство на Град Скопје што престануваат со работа, согласно со одредбите на овој закон ги презема Јавното правобранителство.

Член 22

Општите акти за организација и работа и за систематизација на работите и задачите на Јавното правобранителство, јавниот правобранител ќе ги донесе во рок од 30 дена по неговото именување.

Член 23

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за јавното правобранителство („Службен весник на СРМ“ број 9/77, 6/81, 46/82, 11/87 и 10/90).

Член 24

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1998 година.

**919.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКАТА

Се прогласува Законот за енергетиката, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 септември 1997 година.

Број 08-2828/1
10 септември 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ЕНЕРГЕТИКА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршење на дејностите во областа на енергетиката, заштитата на енергетските објекти, уреди и постројки, заштита на животната средина и природата од штетното влијание предизвикано од работата на енергетските објекти, уреди и постројки и надзорот.

Член 2

Дејности од областа на енергетиката во смисла на овој закон се:

1. производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија;
2. производство и преработка на јаглен;
3. производство, преработка и транспорт на нафта и нафтени деривати;
4. производство, транспорт и дистрибуција на природен гас;
5. производство, транспорт и дистрибуција на топлинска и геотермална енергија и
6. производство на други видови енергија.

Член 3

Дејностите од член 2 на овој закон, можат да ги вршат домашни и странски правни и физички лица под условите и на начин определени со овој закон.

Член 4

Дејностите производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија, меѓународен транспорт на сурова нафта преку нафтовод, производство, транспорт и дистрибуција на природен гас и производство, пренесување и дистрибуција на топлинска и геотермална енергија освен за сопствени потреби, се дејности од јавен интерес.

Член 5

За вршењето на дејностите од член 4 на овој закон, можат да се основаат јавни претпријатија или дејностите да се вршат врз основа на дозвола.

Јавни претпријатија за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија, меѓународен транспорт на сурова нафта преку нафтоводи и производство, транспорт и дистрибуција на природен гас, основа Владата на Република Македонија.

Јавни претпријатија за производство, транспорт и дистрибуција на топлинска и геотермална енергија освен за сопствени потреби основаат и општините, односно градот Скопје.

Дејностите од член 4 на овој закон можат да ги вршат и домашни и странски правни и физички лица врз основа на дозвола.

Член 6

Производство на електрична енергија, во смисла на овој закон, е производството на електрична енергија во хидроелектричните централи, термоелектричните централи, термоелектричните централи-топлани и други електрични централи (во натамошниот текст: електрични централи).

Пренесување на електрична енергија, во смисла на овој закон, е пренесувањето на електричната енергија од електрични централи до дистрибутивни електроенергетски објекти и до корисниците приклучени на преносната мрежа, како и пренос на електричната енергија од и до други електроенергетски системи.

Дистрибуција на електрична енергија во смисла на овој закон, е преземањето, распределбата и испораката на електрична енергија до корисниците приклучени на електричната мрежа.

Член 7

Производство на јаглен, во смисла на овој закон, е експлоатација на јагленот (вадење на јагленот од лежиштето, збогатување и облагородување).

Преработка на јаглен, во смисла на овој закон, е постапката со која се добива кокс, полукокс, брикети, гас и други производи од јагленот.

Член 8

Производство на нафта и природен гас, во смисла на овој закон, е експлоатација на нафта и природен гас од нафтено – гасните лежишта.

Преработка на нафта, во смисла на овој закон, е рафинериската преработка на сурова нафта за добивање нафтени деривати и други хемиски производи.

Транспорт на нафта и нафтени деривати, во смисла на овој закон, е товарењето, растоварувањето, складирањето на нафта и нафтените деривати и нивно пренесување со нафтоводи, продуктоводи, авто или железнички цистерни и други превозни средства.

Меѓународен транспорт на сурова нафта преку нафтоводи, во смисла на овој закон, е транспорт на сурова нафта низ нафтоводи чиј почеток и крај се наоѓаат на територијата на други држави.

Транспорт на природен гас, во смисла на овој закон, е пренесувањето на природен гас во гасна фаза од нафтено-гасните лежишта до дистрибутивните објекти и складишта, до корисниците кои се приклучени на преносната гасоводна мрежа, како и пренос на природен гас од и до други гасоводни системи.

Дистрибуција на природен гас, во смисла на овој закон е испораката на природниот гас до корисниците приклучени на дистрибутивната мрежа.

Член 9

Производство на топлинска енергија, во смисла на овој закон, е производство на топлина (пареа, топла и врела вода, топли гасови и слично), во топлани, термоелектрични централи - топлани и индустриски енергани и експлоатација на геотермална енергија.

Пренесување на топлинска и геотермална енергија, во смисла на овој закон, е пренесувањето на таа енергија по цевководи од изворите до објектите за дистрибуција.

Дистрибуција на топлинска и геотермална енергија, во смисла на овој закон, е распределба и испорака на

таа енергија до корисниците приклучени на дистрибутивната мрежа.

Член 10

Производство и користење на други видови енергија, во смисла на овој закон, е користење на сончевата енергија, енергијата на ветерот, енергијата од биомаса и друго.

Член 11

Производители на енергија, во смисла на овој закон се правни и физички лица кои вршат производство на енергија.

Испорачатели на енергија, во смисла на овој закон, се правни и физички лица кои вршат испорака на енергија.

Корисници на енергија во смисла на овој закон се правни и физички лица и граѓани кои преземаат и користат енергија за задоволување на своите потреби.

## II. УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА

### 1. Основни услови

Член 12

Производство, испорака и користење на енергија може да се врши ако објектите, уредите и постројките за производство, пренесување, дистрибуција, транспорт и користење на енергија ги исполнуваат пропишаните стандарди, технички нормативи и нормите на квалитет и со нивната работа да не се загрозуваат луѓето, материјалните добра, животната средина и природата.

Член 13

За приклучување на енергетските објекти со кои стопанисуваат правните и физичките лица на енергетските системи, се склучува договор со правните лица кои стопанисуваат со енергетските системи.

Со договорот од став 1 на овој член се утврдуваат особено:

- техничките услови за приклучување на енергетските системи;
- усогласувањето на производството на енергија;
- плаќањето на испорачаната енергија и
- условите за редовно и дополнително снабдување на оние производители кои делот од производството го користат за сопствени потреби.

Член 14

Правните или физички лица кои вршат дејност од јавен интерес се должни да ја вршат континуирано и квалитетно.

Член 15

За континуирано и квалитетно снабдување на корисниците со енергија, производителите и испорачателите на енергија се должни:

- да имаат податоци за техничките карактеристики на објектите;
- да вршат периодични испитувања на техничко-технолошката и функционалната исправност на објектите, уредите и постројките за производство, пренесување и дистрибуција на енергија во пропишаните рокови и
- да преземат мерки за обезбедување на погонска спремност на објектите за користење, утврдени со техничките нормативи и стандарди.

За вршењето на работите од став 1 на овој член, производителите и испорачателите на енергија се должни да водат евиденција за: техничките карактеристики на објектите; извршените испитувања; предметот и видот на испитувањето; датумот на испитувањето, стручната организација и лицата кои ги вршеле испитувањата и одговорното лице под чиј надзор се извршени испитувањата, утврдената состојба и предложените мерки за обезбедување погонска спремност на објектите за користење.

Член 16

За развој на енергетиката во Републиката, Владата на Република Македонија утврдува Стратегија.

Со Стратегијата од став 1 на овој член се определуваат особено:

- потребите од енергија;
- расположливите енергетски ресурси и енергетски објекти со техничките, енергетските и економските карактеристики;
- потребите од изградба на енергетски објекти;
- потребните финансиски средства и извори на нивно обезбедување и
- мерки и активности за реализација на стратегијата.

Министерството надлежно за работите на енергетиката, се грижи за реализација на стратегијата од став 1 на овој член.

Член 17

Врз основа на утврдената стратегија за развој на енергетиката јавните претпријатија донесуваат програма за развој.

На програмата за развој на јавните претпријатија основани од страна на Владата на Република Македонија согласност дава Владата на Република Македонија, а на програмата за развој на јавните претпријатија основани од страна на општината, односно градот Скопје согласност дава општината односно градот Скопје, по претходно мислење на министерството надлежно за работите на енергетиката.

Член 18

Потребите од вкупните количества на енергија и од одделни видови енергија во Републиката за определен временски период и можностите за нивно задоволување со производство и увоз, се утврдуваат со енергетски биланси на Републиката.

Производителите, испорачателите и корисниците на енергија се должни до министерството надлежно за енергетика најдоцна до крајот на месец октомври во тековната година да доставуваат потребни податоци за изготвување на енергетски биланс за наредната година.

Годишниот енергетски биланс на Републиката за наредната година го донесува Владата на Република Македонија до крајот на тековната година, за наредната година.

Член 19

Производителите и испорачателите на енергија се должни да доставуваат до министерството надлежно за работите на енергетиката месечни, квартални и годишни извештаи, а за електричната енергија, нафтените деривати и гасот дневни извештаи за оствареното производство, набавка и испорака на енергија на корисниците и за состојбата на залихите. Производителите на електрична енергија во извештаите ги наведуваат и количествата на гориво потрошени за производство на електрична енергија, а производителите на нафтени деривати, количествата на нафтените деривати употребени за преработка на суровата нафта.

Месечните извештаи од став 1 на овој член се доставуваат во рок од пет дена по истекот на месецот, кварталните извештаи во рок од десет дена по истекот на кварталот, а годишните извештаи во рок од десет дена по истекот на календарската година.

Член 20

Поголемите корисници на енергија, се должни да доставуваат до Министерството надлежно за работите на енергетиката месечни, квартални и годишни извештаи за остварената потрошувачка на сите видови енергија од страна на корисникот и за залихите на енергентите, како и за оствареното производство и извршените услуги.

Како поголеми корисници на енергија од став 1 на овој член се сметаат корисниците чија годишна потрошувачка на енергија изнесува и тоа: на електрична енергија - над 10 милиони KWh, на јаглен - над 5.000 тони, на кокс - над 1.000 тони, на мазут - над 1.000 тони, на природен гас - над 1 милион $м^3$, на дизел гориво, моторни бензини или пропан-бутан - над 1.000 тони и геотермална вода - над 300.000 $м^3$.

Корисниците чија годишна потрошувачка на било кој вид енергија е пониска од количеството од став 2 на овој член, се должни на барање од Министерството надлежно за работите на енергетиката да доставуваат извештаи за потрошувачката на сите видови енергија од страна на корисникот, за залихите на енергентите, како и за оствареното производство и извршените услуги.

Месечните извештаи се доставуваат во рок од пет дена по истекот на месецот, кварталните извештаи во рок од десет дена по истекот на кварталот, а годишните извештаи во рок од десет дена по истекот на календарската година.

Член 21

Работи на раководење со сложени енергетски објекти може да врши работник со најмалку VII1 степен на стручна подготовка од соодветна струка и најмалку пет години работно искуство во енергетиката.

Работи на раководење со погоните на постројките и уредите на сложените енергетски објекти може да врши работник со најмалку VII1 степен на стручна подготовка од соодветна струка и со најмалку две години работно искуство во енергетиката.

Како сложени енергетски објекти од ставовите 1 и 2 на овој член се сметаат објекти за производство на електрична енергија со моќност над 10 MW, објекти за пренос и дистрибуција на електрична енергија над 35 KV и објекти за производство и пренесување на топлинска енергија со моќност над 30 MW, рафинерии на нафта, нафтоводи и гасоводи и рудници за јаглен.

Член 22

Работи на ракување со енергетски објекти, уреди и постројки може да врши работник и тоа:

1. За ракување со парни турбини над 10 MW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со турбински постројки и положен испит за работна острученост

За ракување со парни турбини до 10 MW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, девет месеци работа под надзор на ракување со турбински постројки под надзор и положен испит за работна острученост;

2. За ракување со гасни турбини кои служат за производство на електрична енергија, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со турбински постројки и положен испит за работна острученост;

3. За ракување со хидротурбини кои служат за производство на електрична енергија, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, дванаесет месеци работа под надзор на ракување со турбински постројки и положен испит за работна острученост, и

4. За ракување со котларници со АТК (автоматска термичка команда) инсталирана моќност преку 20 MW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, дванаесет месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки и положен испит за работна острученост.

За ракување со котларници со АТК моќност до 20 MW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, дванаесет месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки и положен испит за работна острученост.

За ракување со котларници со АТК инсталирана моќност до 5 MW, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки и положен испит за работна острученост.

За ракување со котли со механизирано палење, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки и положен испит за работна острученост.

За ракување со котли со рачно палење, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, шест месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки и положен испит за работна острученост.

5. За ракување со парни клипни машини, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со парни клипни машини и положен испит за работна острученост;

6. За ракување со мотори со внатрешно согорување во вкупна моќност од преку 200 KW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со мотори и положен испит за работна острученост.

За ракување со мотори со внатрешно согорување со вкупна моќност до 200 KW, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со мотори и положен испит за работна острученост;

7. За ракување со компресори и разладни постројки со вкупна моќност преку 200 KW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро, машинска или хемиско-технолошка струка, 12 месеци под надзор со компресори и разладни постројки и положен испит за работна острученост.

За ракување со компресори и разладни постројки со вкупна моќност до 200 KW, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро, машинска или хемиско-технолошка струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со компресори и разладни постројки и положен испит за работна острученост;

8. За ракување со црпни станици со вкупна моќност од преку 200 KW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со црпни станици и положен испит за работна острученост.

За ракување со црпни станици со вкупна моќност до 100 KW, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро, машинска или хемиско-технолошка струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со црпни станици и положен испит за работна острученост.

9. За ракување со генератори на гас, со стручно оспособување со двегодишно траење од електро или машинска струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со генераторите на гас и положен испит за работна острученост;

10. За ракување со котли за централно греење со инсталирана моќност од преку 1 MW работен притисок 0,5 бара, температура до 110°C на излезната вода, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со котли и положен испит за работна оспособеност.

За ракување со котли за централно греење со инсталирана моќност од преку 0,2 MW до 1 MW работен притисок од 0,5 бара, температура од 110°C на излезната вода, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, 12 месеци работа под надзор, од кои шест месеци на ракување со котли и положен испит за работна оспособеност или завршено основно училиште, 18 месеци работа под надзор, од кои шест месеци ракување и положен испит за работна оспособеност.

За ракување со климатизација, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, шест месеци работа под надзор на ракување со климатизацијата и положен испит за работна оспособеност;

11. За ракување со уредите за подготвување на напојната, котловска и разладната вода преку 15 $м^3$ на час, со стручно оспособување со двегодишно траење од хемиско-технолошка или машинска струка, шест месеци работа под надзор на ракување со уредите за подготвување на напојната котловската и разладната вода и положен испит за работна оспособеност;

12. За ракување со уредите за полнење и манипулација со технички гасови, со стручно оспособување со двегодишно траење од електро или машинска струка, шест месеци работа под надзор и положен испит за работна оспособеност или завршено основно училиште, 12 месеци работа под надзор и положен испит за работна оспособеност.

13. За ракување со садови под притисок од прва и втора класа, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, шест месеци работа под надзор на ракување за работниците со енергетска струка, односно 12 месеци за работниците со електро или машинска струка и положен испит за работна оспособеност;

14. За ракување со трафостаници и разводни електропостројки стручно образование од четиригодишно траење од електро или енергетска струка, дванаесет месеци работа под надзор на ракување со трафостаници разводни електропостројки и положен испит за работна оспособеност;

15. За ракување со диспечерски центри и електрокоманди, стручно обазование од четиригодишно траење од електро или енергетска струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со диспечерски центри и електрокоманди и положен испит за работна оспособеност;

16. За ракување со енергетскиот блок за производство на електрична енергија, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка дванаесет месеци работа под надзор на ракување со енергетскиот блок и положен испит за работна оспособеност;

17. За ракување со уредите за сушење на топлотниот ефект преку 500 KW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, шест месеци работа под надзор на ракување со уредите за сушење и положен испит за работна оспособеност;

За ракување со уредите за сушење на топлотниот ефект до 500 KW, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, шест месеци работа под надзор на ракување со уредите за сушење и положен испит за работна оспособеност и

18. За ракување со технолошки печки со ефект над 0,5 MW што се палат со течно и гасно гориво, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, 12 месеци работа под надзор на ракување со технолошките печки и положен испит за работна оспособеност.

Член 23

Испит за работна оспособеност за ракување со енергетски објекти, постројки и уреди се полага пред комисија.

Комисијата од став 1 на овој член ја формира министерот надлежен за работите на енергетиката.

Член 24

Министерот надлежен за работите на енергетиката ја донесува програмата според која се полага стручниот испит и го пропишува начинот на полагање на стручниот испит за вршење на работите од член 22 на овој закон, како и висината и начинот на плаќањето на надоместокот за полагање на стручниот испит.

## 2. Испорака на енергија од енергетски системи

Член 25

Испорака на одделни видови енергија се врши преку енергетски системи, под услови и на начин утврден со овој закон.

Енергетски систем, во смисла на овој закон, е систем за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија, систем за производство, транспорт и дистрибуција на природен гас, систем за производство, пренесување и дистрибуција на топлинска и систем за производство, пренесување и дистрибуција на геотермална енергија.

Енергетските системи од став 2 на овој член претставуваат техничко-технолошки целини.

Член 26

Производителите и испорачателите на енергија се должни на корисниците да им обезбедат енергија во согласност со енергетскиот биланс, меѓусебните договори и општите услови за испорака на соодветниот вид енергија.

Член 27

Испорачателот на енергија е должен да обезбеди непречено функционирање на енергетскиот систем до мерното место на кое се мери енергијата.

Член 28

Испорачателите на енергија, енергијата ја испорачуваат, а корисниците на енергија ја користат, ако енергетските објекти, уреди и инсталации ги исполнуваат пропишаните стандарди, технички нормативи и норми на квалитет за соодветниот вид енергија со кои се обезбедува непречена испорака и користење на енергијата во договореното количество, моќност, квалитет и континуитет и безбедност на луѓето и имотот.

Член 29

Испорачателот на енергија ќе ја прекине испораката на енергија, ако утврди дека енергетските објекти, уреди и инсталации на корисникот не ги исполнуваат условите пропишани со стандардите, техничките нормативи и нормите на квалитет за непречена испорака на соодветен вид енергија или постојат недостатоци, за што веднаш писмено го известува корисникот и министерството надлежно за работите на енергетиката.

Член 30

Испорачателот на енергија може привремено да ја прекине испораката на енергија од енергетскиот систем

при вршење на планирани прегледи, испитувања и контролни мерења, ремонти и реконструкции и проширувања на објектите, уредите и инсталациите.

Привремениот прекин од став 1 на овој член испорачателот на енергија може да го врши во време кога најмалку им нанесува штета на корисниците, во согласност со програмата за одржување на објектите, уредите и постројките и годишниот енергетски биланс.

За денот и часот на привремениот прекин испорачателот на енергија должен е да ги извести корисниците и министерството надлежно за работите на енергетиката најмалку седум дена пред прекинот.

Член 31

Ако во текот на годината се јави потреба од привремен прекин на испорака на енергија поради непланирани прегледи, ремонти, испитувања, контролни мерења и одржување на објектите, уредите и инсталациите, времето и должината на траењето на прекинот ги утврдуваат испорачателот и корисникот на енергијата, за што веднаш го известуваат министерството надлежно за работите на енергетиката.

Ако во рокот определен од испорачателот на енергијата не се постигне согласност за привремениот прекин од став 1 на овој член, по барање на испорачателот на енергијата, за прекинот, со решение одлучува министерот надлежен за работите на енергетиката.

Против решението од став 2 на овој член може во рок од осум дена од приемот на решението да се изјави жалба до комисијата на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на управните работи од втор степен од областа на стопанството.

Жалбата против решението од став 3 на овој член не го одлага неговото извршување.

За прекинот од став 1 на овој член испорачателот на енергијата е должен категоријата домаќинства и другите помали корисници на енергија само да ги извести преку средствата за јавно информирање, најмалку 24 часа пред прекинот.

Член 32

Корисникот на енергија од енергетскиот систем е должен:

1) со користење на своите енергетски објекти, уреди или инсталации да не ги загрозува животот и здравјето на луѓето и имотот;

2) во рокот кој го утврдил Републичкиот инспекторат за техничка инспекција да ги отстрани недостатоците на неговите енергетски објекти, уреди или инсталации согласно со техничките прописи и нормативи;

3) да не предизвикува непосредна опасност за распаѓање на енергетскиот систем;

4) без согласност на испорачателот на енергија да не врши приклучување на својот објект, уред или инсталација на енергетскиот систем, односно преку своите објекти, уреди или инсталации да не овозможи приклучување на друг корисник на енергија;

5) да овозможи правилно евидентирање на потрошената енергија и да не ја користи енергијата без мерни уреди или надвор од мерните уреди или со мерни уреди кои не се договорени и

6) да се придржува кон пропишаните мерки за функционирање на енергетскиот систем во воена и вонредна состојба.

Ако корисникот на енергијата не се придржува кон должностите утврдени во став 1 на овој член испорачателот на енергијата од енергетскиот систем може без претходно предупредување да му ја прекине испораката на енергија на корисникот, за што е должен по прекинот да го извести корисникот и министерството надлежно за работите на енергетиката.

Член 33

Корисникот на енергијата покрај должностите утврдени во член 32 на овој закон, е должен и:

1) да прибави енергетска согласност;

2) да не ја попречува испораката на енергијата на други корисници;

3) по опомена на испорачателот во определениот рок да ја намали моќноста, односно количеството на потрошувачка на енергија на договорената вредност и енергетската согласност;

4) во случај на недостиг на енергија да се придржува кон пропишаните мерки за намалување на потрошувачката;

5) да ја плати испорачаната енергија, согласно со општите услови за испорака на енергијата, договорот за испорака и законот и

6) на овластените лица да им дозволи и овозможи пристап до сите делови на приклучокот, до заштитните и мерните уреди и до енергетските објекти, уреди и инсталации за кои постои сомнение дека се причина за појавените пречки во испораката.

Ако корисникот не се придржува кон должностите утврдени во став 1 на овој член, испорачателот на енергија од енергетскиот систем може по претходно предупредување, да му ја прекине испораката на енергија од енергетскиот систем, за што е должен да го извести корисникот и министерството надлежно за работите на енергетиката најмалку 24 часа пред прекинот.

Член 34

Испорачателот е должен на корисникот на енергија, на кој му била прекината испораката на енергија, во смисла на членовите 32 и 33 на овој закон, повторно да го приклучи на мрежата кога ќе констатира дека се отстранети причините поради кои е прекината испораката на енергија.

Трошоците за повторното приклучување на мрежата ги поднесува корисникот на енергија.

Член 35

Корисникот на енергија кој смета дека му е неосновано прекината испораката на енергија може да бара од надлежниот инспекциски орган да ја утврди фактичката состојба поради која испорачателот ја прекинал испораката.

Ако надлежниот инспекциски орган утврди дека испораката на енергија неосновано е прекината, ќе му нареди на испорачателот на енергија веднаш на свој трошок да ги приклучи објектите, постројките и инсталациите на корисникот на својата мрежа.

Во случаите од став 2 на овој член корисникот на енергија има право да бара надомест на штета.

Член 36

Испорачателот на енергија може да ја ограничи, односно прекине испораката на енергија од енергетскиот систем, во случај на виша сила и други околности кои не зависат од испорачателот, односно корисникот на енергија.

Под виша сила, во смисла на овој закон, се подразбираат непредвидливи природни настани (поплави, земјотреси, лизгања на терени, пожари, силни ветрови, прекумерни наслаги на мраз на проводниците и столбовите, атмосферски празнења и други околности).

Под други околности во смисла на овој закон се подразбираат дефектите на уредите и постројките до кои не е дојдено по вина на испорачателот, односно корисникот на енергија.

Испорачателот и корисникот се ослободуваат од преземената обврска во поглед на испораката, односно преземањето на енергија, за времетраењето на вишата сила и други околности.

За настанатата виша сила и други околности, испорачателот ги известува корисниците на енергија.

Испорачателот на енергија е должен да ги извести корисниците за времетраењето за отстранувањето на прекинот во случаите од став 1 на овој член.

Член 37

Со одлуката за утврдување на општи услови за испорака на соодветен вид енергија од енергетските системи (општи услови) поблиску се определуваат условите и начинот на испорака и меѓусебните права, обврски и одговорности на испорачателот и корисникот на соодветниот вид енергија, а особено:

- условите и начинот на издавање на енергетска согласност за приклучување на корисникот на енергетскиот систем;
- условите, начинот и рокот на склучување на договорот за испорака на соодветниот вид енергија;
- начинот на пресметување и наплатување на испорачаната енергија;
- условите и начинот на обештетување на корисникот на енергија во случај на намалена испорака или прекин и
- корисниците на кои не може да им се прекине испораката на енергија.

Одлуката за општите услови за испорака на електрична енергија, покрај елементите од став 1 на овој член содржи и услови за приклучување, односно испорака на електрична енергија произведена од претпријатија и други правни и физички лица на кои тоа не им е основна дејност.

Одлуката за општите услови за испорака на електрична енергија и одлуката за општите услови за испорака на природен гас ја донесува Владата на Република Македонија, а одлуката за општите услови за испорака на топлинска и геотермална енергија ја донесува општината односно Градот Скопје, по претходна согласност на министерството надлежно за работите на енергетиката.

Член 38

Во услови на општ недостиг на енергија ќе се вршат ограничувања на потрошувачката на енергија, согласно со критериумите и условите за ограничување на потрошувачката на одделни видови енергија.

Со одлуките за критериумите и условите за ограничување на потрошувачката на одделни видови енергија поблиску се определуваат критериумите и начините на ограничување, правата, обврските и одговорноста на испорачателот и корисникот на соодветниот вид енергија, а особено:

- критериумите за степенот на ограничувањето;
- групирањето на корисниците;
- елементите за вреднување на степенот на ограничување;
- степените и процентуалните ограничувања на потрошувачката на енергија и
- начинот на спроведувањето и следењето на ограничувањето на потрошувачката.

Одлука за критериумите и условите за ограничување на потрошувачката на електрична енергија и одлуката за критериумите и условите за ограничување на потрошувачката на природен гас донесува Владата на Република Македонија, а одлука за критериумите и условите за ограничување на потрошувачката на топлинска и геотермална енергија донесува општината, односно Градот Скопје по претходна согласност на министерството надлежно за работите на енергетиката.

Член 39

Цената на електричната енергија, природниот гас, топлинската енергија, геотермалната енергија и нафтените деривати се формира според Методологија за формирање на цените на одделните видови енергија.

Одлука за усвојување на методологиите за формирање на цените на одделни видови енергија донесува Владата на Република Македонија.

По однос на примена на методологиите за формирање на цените на одделни видови енергија на актот за цената донесен од страна на вршителите на дејноста согласност дава Владата на Република Македонија.

Член 40

Електричната енергија, природниот гас и топлинската енергија се вреднуваат според соодветен тарифен систем за продажба на одделни видови енергија.

Одлуките за тарифните системи за одделни видови енергија ги донесува Владата на Република Македонија.

### 3. Енергетска согласност

Член 41

Секое правно и физичко лице и граѓанин кој се приклучува на енергетскиот систем е должен да прибави енергетска согласност од испорачателот на соодветен вид енергија. Енергетска согласност е должен да прибави и корисник на енергија кој ја зголемува потрошувачката на енергија и ангажираната моќност, за повеќе од 10% од утврдените со енергетската согласност.

Енергетската согласност од став 1 на овој член, се издава по претходно издадено решение за услови за градба и заверен проект за градба од надлежното министерство за работите на урбанизмот и градежништвото.

Член 42

Испорачателот на енергија е должен во рок од 15 дена од поднесување на барањето за енергетска согласност, да издаде решение за енергетска согласност согласно со техничките, енергетските и економските услови.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба до министерството надлежно за работите на енергетиката.

Член 43

Испорачателот на енергија е должен во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето за приклучување на енергетскиот систем да го приклучи корисникот на енергија на енергетскиот систем ако се исполнети условите од енергетската согласност.

Корисникот од став 1 на овој член е должен на енергетската мрежа, изградена со сопствени средства, да овозможи со соодветен надомесок на трошоците, приклучување на новите корисници, на кои им е издадено решение за енергетска согласност. Доколку не се постигне согласност за висината за надоместокот на трошоците за приклучување, надоместокот го утврдува испорачателот на енергија и е должен да го приклучи новиот корисник.

Ако не се постигне согласност за надоместокот од став 2 на овој член, сопственикот на мрежата надоместокот ќе го оствари по судски пат.

Утврдувањето на висината на надоместокот за приклучување на енергетскиот систем, не го одлага приклучувањето.

Член 44

Енергетската согласност престанува да важи, доколку во рок од две години од денот на нејзиното издавање не се почне со изградбата на објектот.

## III. ЗАШТИТА НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ ОБЈЕКТИ, УРЕДИ И ПОСТРОЈКИ И НА ЕНЕРГЕТСКИОТ ПРОСТОР

Член 45

Не е дозволено изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесувањето и дистрибуцијата на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот, освен во случаи определени со овој закон.

Ако изведувањето на работите од став 1 на овој член е неопходно производителот, односно испорачателот на енергија е должен да даде согласност за изведување на работите во рок од 15 дена од поднесувањето на барањето, со која ги определува и потребните заштитни мерки на објектите, уредите и постројките. Трошоците за преземање на заштитните мерки ги сноси инвеститорот на работите.

Член 46

Сопственикот односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на преносни и дистрибутивни енергетски објекти, како и вршење на инспекциски надзор на земјиштето на кое тие се поставени.

Сопственикот, односно корисникот на земјиштето има право на надомест на штета што настанала со работите од став 1 на овој член, според прописите за експропријација.

Член 47

Просторот за изградба на енергетски објекти (енергетски простор) се утврдува со просторните и урбанистичките планови.

Под енергетски простор од став 1 на овој член се подразбира лежиштето на енергетските суровини, просторот на кој е изграден или се планира да се изгради објект или постројка за производство, пренос, преработка, акумулација, конверзија, складирање или дистрибуција на енергија, како и просторот за депонирање на отпадните производи добиени при производството и користењето на соодветен вид енергија.

## IV. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ОД ШТЕТНОТО ВЛИЈАНИЕ ПРИ РАБОТАТА НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ ОБЈЕКТИ, УРЕДИ И ПОСТРОЈКИ

Член 48

Заради заштита на животната средина и природата, при изградба на нови енергетски објекти и реконструкција на постојните, инвеститорот е должен во согласност со овој и друг закон, во техничката документација да ги предвиди и разработи технологијата и другите техничко-технолошки мерки и активности за спречување на загадувањето на земјиштето, водите и воздухот.

Член 49

Производителите и корисниците на енергија кои во процесот на производството или користењето на енергија и енергетските суровини создаваат гасовити, течни и цврсти отпадни материи и бучава, се должни да ги следат и евидентираат количествата на гасовитите материи што се емитуваат во воздухот, материи што се испуштаат преку отпадните води - ефлуентот и цврстите материи што се депонираат во земјиштето, како и јачината на бучавата што се емитува во поблиската и пошироката околина на енергетските објекти.

Доколку отпадните материи и бучавата од став 1 на овој член се создаваат во количества над максимално дозволените граници пропишани со закон и други прописи, производителите и корисниците на енергија се должни да преземаат техничко-технолошки и други мерки и активности, отпадните материи и бучавата да ги сведат во рамките на пропишаните норми.

## V. ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА ПО ПАТ НА ДОЗВОЛА

Член 50

Заради обезбедување поголема сигурност и квалитет на снабдување со енергија, дејностите од член 4 на овој закон можат да се вршат врз основа на дозвола под услови и на начин определени со овој или друг закон.

Дозволата за вршење на енергетските дејности поврзани со користење на енергетски ресурси задолжително се дава доколку вршителот на дејноста претходно обезбедил право на користење на енергетски ресурси.

Член 51

Дозвола за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија, меѓународен транспорт на сурова нафта преку нафтовод и производство, транспорт и дистрибуција на природен гас дава Владата на Република Македонија.

Дозвола за производство, транспорт и дистрибуција на топлинска и геотермалана енергија даваат општините и Градот Скопје, по претходно мислење на министерството надлежно за работите на енергетиката.

Член 52

Дозволата за вршење на дејноста, освен во случаите од член 50 став 2 на овој закон,се добива врз основа на јавен конкурс.

Доколку на објавениот конкурс не се јави заинтересиран субјект, дозволата за вршење на дејноста може да се даде врз основа на барање кое се поднесува до давателот на дозволата.

Член 53

Субјектите што стопанисуваат со шумите, другите правни лица и граѓаните, чија работа подлежи на надзор на шумарските инспектори се должни да го овозможат вршењето на надзорот и да им ги дадат потребните податоци.

Член 73

Жалбата против решението од член 72 став 2 на овој закон може да се изјави до Комисија на Владата на Република Македонија.

Изјавената жалба од став 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението, ако со неизвршувањето на утврдените мерки ќе се предизвикаат последици кои тешко можат да се отстранат.

## VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 74

Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице доколку:

1) не донесе посебен план или стопанисувањето со шумата односно одгледувањето и заштитата не ги врши според посебните планови (член 22);

2) веднаш не престане со спроведување на мерките од посебниот план и не изврши изменување и дополнување (член 26);

3) во шума гради објекти и изведува други работи спротивно на член 30 став 1 од овој закон;

4) врши користење на шума за која не е донесен посебен план (член 31 став 2);

5) врши сеча на шума без претходна ознака за сеча (член 32 ставови 1, 2 и 3);

6) го пречекори вкупниот сечив етат во шумите како и сечивиот етат во пододделот утврден за десет години (член 36 став 1);

7) врши пустошење на шума (член 45) и

8) не издвои средства за проста репродукција на шумите или издвои средства за истата намена во помала висина или средствата не ги користи за утврдената намена (член 67 ставови 2 и 3).

За прекршок од точките 1 до 8 од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице со парична казна од 30.000 до 50.000 денари.

Доколку одговорното лице во правното лице прекршоците од став 1 на овој член ги извршило од користољубие, или со нивното извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се казни со парична казна од 60.000 до 100.000 денари.

За прекршок од точките 3, 4, 5 и 7 од став 1 на овој член, покрај паричната казна се изрекува и мерка на безбедност, одземање на предмети, употребени или наменети за извршување на прекршокот.

За прекршок од точките 1 до 8 од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на одговорното лице во правното лице ќе се изрече мерка на безбедност забрана на вршење на одговорни должности во траење од шест месеци до една година.

Член 75

Со парична казна од 100.000 до 200.000 денари, ќе се казни за прекршок правното лице доколку:

1) не ги изврши работите според одредбите на член 28 ставови 1 и 2 од овој закон;

2) не изврши пошумување (член 29);

3) гради објекти во шума без согласност (член 30 став 2);

4) изврши ознака за сеча спротивно на предвидувањата на посебните планови (член 32 став 4);

5) дозволи ознака за сеча да вршат лица кои не ги исполнуваат условите од член 34 на овој закон;

6) врши сеча спротивно на член 35 став 2;

7) дозволи на физичко лице вршење на сеча во државна шума спротивно на член 37 од овој закон;

8) не се придржува на условите за користење на шумските патишта (член 40 став 2);

9) гради шумски патишта спротивно на член 40 став 3 од овој закон;

10) собира, користи или дозволи собирање, односно користење на други шумски производи спротивно на член 42 од овој закон;

11) не преземе мерки за заштита на шумите (член 43);

12) не презема мерки против појава на растителни болести, штетни инсекти и други штети, не ја следи здравствената состојба на шумите и не врши сузбивање на растителни болести и штетни инсекти (член 44);

13) врши сеча на ретки видови дрвја во шума без одобрение (член 46 ставови 1 и 2);

14) врши или дозволи напасување на добиток и желадење во шума спротивно на одредбите од член 48 ставови 1, 2, 4 и 6 на овој закон;

15) подига објекти што претставуваат опасност за појава на пожар, или подига жежници за производство на јаглен (член 51 став 1);

16) не презема посебни мерки за заштита на шумите од пожари (член 52 став 1);

17) ги загадува шумите со депонирање на отпаден материјал од населените места, хемиски и индустриски капацитети и сл. (член 55);

18) врши превезување или пренесување на исечено дрво на шума и надвор од шума од место до место, како и складирање на дрво без да е жигосано и обезбедено со испратница (член 56 ставови 1 и 8);

19) издава испратница за исечено дрво спротивно на одредбите од член 56 став 2 на овој закон;

20) врши жигосување и издавање на испратница на дрво кое не е исечено согласно со член 31 став 1 и член 56 став 6 од овој закон;

21) врши откуп или преработка на дрво кое не е жигосано или снабдено со испратница (член 58);

22) не плаќа средства за проширена репродукција на шумите (член 68 став 2 алинеја 1) и

23) не овозможи вршење на надзор или не му ги даде потребните податоци на шумарскиот инспектор (член 72 став 3).

За прекршок од точките 1 до 23 на став 1 од овој член, ќе се казни одговорното лице во правното лице со парична казна од 20.000 до 30.000 денари.

Доколку одговорното лице во правното лице, прекршоците од став 1 на овој член ги извршило од користољубие, или со нивното извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се казни со парична казна од 40.000 до 60.000 денари.

За прекршок од точките 3, 10, 13 и 18 од став 1 на овој член, покрај паричната казна ќе се изрече и мерка на безбедност, одземање на предмети употребени или наменети за извршување на прекршокот.

За прекршок од точките 4, 6, 12, 13, 18, 19 и 20 од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на одговорното лице во правното лице ќе се изрече мерка на безбедност забрана на вршење на одговорни должности во траење од три до шест месеци.

Член 76

Со парична казна од 50.000 до 100.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице доколку:

1) не води евиденција на површините на шумите во државна сопственост (член 19, став 1);

2) не донесе годишен изведбен план (член 24 став 1);

3) не ги евидентира извршените работи во шума во утврдениот рок (член 25);

4) ознаката ја изврши спротивно на член 32 став 5 од овој закон;

5) за извршената ознака не го извести шумарскиот инспектор во определениот рок (член 35 став 1);

6) издаде одобрение за сеча во приватна шума спротивно на член 38 ставови 3, 4 и 5 и член 39 од овој закон;

7) не дозволи привремен превоз, пренос или сместување на туѓи шумски производи на своето земјиште (член 41 став 1);

8) на сопственикот на земјиштето не му плати надомест за користење на служменост (член 41 став 2);

9) уништува белези и знаци во шума или сече стебла на кои се поставени знаци (член 47);

10) не определи делови од шума за премин на добиток (член 48 став 5);

11) во шума одгледува дивеч во толкав број кој го доведува во прашање одгледувањето и обновувањето на шумата (член 49);

12) пали отворен оган во шума спротивно на одредбите на член 50 став 1 од овој закон;

13) не воведе и не одржува шумски ред (член 54 став 1) и

14) претпријатијата што вршат промет со дрво на купувачот не му издадат соодветен документ (член 56 став 4).

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице со парична казна од 10.000 до 20.000 денари.

Член 77

Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице кое:

1) гради објекти и изведува други работи во шума спротивно на член 30 ставови 1 и 2 од овој закон;

2) врши сеча без претходна ознака (член 22 став 1);

3) изврши сеча на шума без одобрение или спротивно на одобрението (член 38 став 1);

4) бесправно или спротивно на поблискиот пропис од член 42 став 2, 3 и 4 на овој закон, собира или користи споредни шумски производи;

5) врши пустошење на шумите (член 45);

6) врши сеча на ретки видови дрвја без одобрение (член 46);

7) пренесува, превезува исечено дрво од место на сеча или од место до место, или складира дрво без да е жигосано или снабдено со испратница или друг документ (член 56 ставови 1 и 6);

8) не му овозможи на припадникот на шумската полиција да ги врши неговите овластувања (член 61 став 2) и

9) не овозможува вршење на надзор или не му ги даде потребните податоци на шумарскиот инспектор (член 72 став 3).

Доколку физичкото лице, прекршоците од став 1 на овој член ги извршило од користољубие или со нивното извршување предизвикало поголема имотна штета, ќе се казни со парична казна од 60.000 до 100.000 денари.

За сторен прекршок од став 1 на овој член покрај паричната казна се изрекува и мерка на безбедност, одземање на предметите употребени или наменети за извршување на прекршокот, како и бесправно присвоените предмети кои настанале со извршување на прекршокот.

Член 78

Со парична казна од 15.000 до 30.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице кое:

1) не стопанисува со сопствената шума според посебниот план (член 22 став 7);

2) не изврши пошумување на површините согласно со член 29 на овој закон;

3) го отстапи одобрението за сеча на друго лице (член 38 став 8);

4) не дозволи привремен премин, пренос и превоз, односно сместување на туѓи шумски производи на своето земјиште (член 41 став 1);

5) не презема мерки согласно со член 43 од овој закон;

6) врши напасување или желадење во шума без одобрение (член 48 ставови 2 и 4);

7) испратницата ја отстапи на друго лице (член 56 став 2);

8) продава или препродава исечено дрво кое потекнува од шума во државна сопственост или без одобрение врши продажба на дрво (член 57 ставови 1 и 2);

9) врши преработка или откуп на дрво кое не е жигосано или снабдено со испратница (член 58) и

10) не уплати средства за проста репродукција согласно со член 67 ставови 2 и 4 од овој закон;

За сторен прекршок од точките 8 и 9 од став 1 на овој член, покрај паричната казна се изрекува и заштитна мерка одземање на предметите употребени или наменети за извршување на прекршокот, како и бесправно присвоените предмети кои настанале со извршување на прекршокот.

Член 79

Со парична казна од 10.000 до 30.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице кое:

1) уништува белези и знаци во шума или сече стебла на кои се поставени знаци (член 47);

2) пали отворен оган во шума спротивно на член 50 ставови 1 и 2 од овој закон;

3) подига варници, жежници за дрвен јаглен во шума спротивно на член 51 од овој закон;

4) не презема посебни мерки за заштита на шумите од пожари (член 52 став 1);

5) се движи во шума за време на забрана согласно со член 53 од овој закон;

6) не спроведува и не одржува шумски ред (член 54 став 1);

7) загадува шуми со депонирање на отпаден материјал од населени места, хемиски, индустриски капацитети и слично (член 55) и

8) не ја носи испратницата при вршењето на превоз, односно пренос на дрво (член 56 став 5).

Член 80

Рокот на застареност на прекршочната постапка од членовите 74, 75, 76, 77, 78 и 79 на овој закон, изнесува пет години.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 81

Владата на Република Македонија ќе го основа јавното претпријатие што ќе стопанисува со шумите во државна сопственост во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 82

Општиот план за стопанисување со шумите ќе се донесе во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 83

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, постојните претпријатија што стопанисуват со шумите не можат да вршат вработување на нови работници, отттуѓување на основни средства и друг имот и да се задолжуват со кредитни и други средства.

Член 84

Недвижниот и подвижниот имот со кој располагаат постојните претпријатија што стопанисуваат со шумите, со денот на влегувањето во сила на овој закон стануваат државна сопственост.

Владата на Република Македонија, при основањето на јавното претпријатие за стопанисување со шуми од член 17 на овој закон, со актот за основање ќе определи одделни делови од постојните претпријатија што стопанисуваат со шумите, кои делови не се во функција со дејност на стопанисувањето со шумите, да можат да се издвојат и конституираат во посебни правни субјекти и да се трансформираат согласно со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Со актот за издвојување, односно основање од став 2 на овој член се уредуваат и прашањата поврзани со делбениот биланс, правата и обврските кои произлегуваат од заедничкото работење и прашањата кои се однесуваат на бројот и статусот на вработените.

Член 85

До донесувањето на посебните планови за стопанисување со шуми, со државните шуми ќе се стопанисува според постојните шумско-стопански основи, а со приватните шуми, според постојните критериуми.

Член 86

Предметите во управна постапка што се започнати, а не се завршени до влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат според прописите што важеле до неговото влегување во сила.

Член 87

Правата, обврските, средствата и работниците на постојниот Завод за уредување на шумите „Шумапроект" – Скопје ги презема Заводот за шуми врз основа на завршен биланс според попис што ќе го изврши комисија за попис формирана од Владата на Република Македонија во рок од еден месец од денот на конституирањето на Заводот за шуми, според актот за систематизација.

Член 88

Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на неговото влегување во сила.

До донесувањето на поблиските прописи од став 1 на овој член ќе се применуваат подзаконските прописи што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 89

Со влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат постојните акти со кои шумите се дадени на

стопанисување на правни субјекти по било која основа, освен шумите во националните паркови, шумските резервати и парк шумите.

Член 90

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за шумите („Службен весник на СРМ" број 20/74, 15/86, 51/88, 20/90 и „Службен весник на РМ" број 37/91, 44/91 и 83/92).

Член 91

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**921.**

Врз основа на член 26 од Законот за платен промет („Службен весник на РМ" бр. 80/93, 65/95 и 71/96) и член 45, став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**УРЕДБА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПРЕБИВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ПОМЕЃУ ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (МУЛТИЛАТЕРАЛНА КОМПЕНЗАЦИЈА)**

Член 1

Во Уредбата за задолжително пребивање на обврските помеѓу правните лица во Република Македонија (Мултилатерална компензација) во член 1, во став 3 да се избришат алинеите:

– „за месец септември, во деновите 24 и 25 септември 1997 година и

– за месец ноември, во деновите 26 и 27 ноември 1997 година".

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-1350/2
15 септември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**922.**

Врз основа на член 11 од Законот за концесии („Службен весник на РМ" бр. 42/93), член 24, став 1 од Законот за телекомуникации и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.08.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА КОНКУРС ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА УСЛУГА ЗА ПРЕНОС НА ПОДАТОЦИ**

1. Да се распише конкурс за давање концесија за вршење на јавна телекомуникациска услуга за пренос на податоци.

2. Оваа одлука да ја спроведе Министерството за сообраќај и врски.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1934/1
18 август 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**923.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.09.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ДЕМИР ХИСАР**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Гоце Делчев" – Демир Хисар, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 28.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1019/1
9 септември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**924.**

Врз основа на член 97 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.09.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ДРЖАВНОТО УГОСТИТЕЛСКО ТУРИСТИЧКО УЧИЛИШТЕ „ВАНЧО ПИТОШЕВСКИ" - ОХРИД**

1.Се дава согласност на одредбите на Статутот на Државното угостителско туристичко училиште „Ванчо Питошевски" – Охрид, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 21.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-665/1
9 септември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**925.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.09.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" с. ЖВАН**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Браќа Миладиновци" с. Жван, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 26.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1026/1
9 септември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**926.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.09.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ДАМЕ ГРУЕВ“ с. СМИЛЕВО**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Даме Груев“ с. Смилево, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 28.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1018/1
9 септември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**927.**

Врз основа на член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94) и член 6 од Спогодбата за трговија меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија („Службен весник на РМ“ бр. 59/96), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.09.1997 година донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КВАНТИТАТИВНИ ОГРАНИЧУВАЊА ВО ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ НА СТОКИ ЗА 1997 ГОДИНА СОГЛАСНО СПОГОДБАТА ЗА ТРГОВИЈА МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СОЈУЗНАТА ВЛАДА НА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА**

Член 1

Во Одлуката за определување на квантитативните ограничувања во извозот и увозот на стоки за 1997 година согласно Спогодбата за трговија меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија („Службен весник на РМ“ бр. 12/97), во Прилогот 2 за тарифниот број 1701 99 10 00-рафиниран шеќер од репка, бел шеќер, во колоната 3 бројот „1600 тони“ се заменува со бројот „2600 тони“ и во колоната 5 бројот „960 тони“ се заменува со бројот „1960 тони“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2048/1
9 септември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**928.**

Врз основа на член 10 и 12 од Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96) и член 11 и 46 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.09.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ АМЕРИКАНСКА ГИМНАЗИЈА „НОВА“**

Член 1

Во Одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „НОВА“ - Скопје („Службен весник на РМ“ бр. 19/97), членот 7 се менува и гласи:

„Бројот на учениците кои ќе се запишат во учебната 1997/98 година ќе изнесува 54 ученика распоредени во три паралелки.

За секоја наредна учебна година бројот на учениците ќе го утврдува основачот“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1404/1
9. септември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**929.**

Врз основа на член 9, став 1 од Законот за јавни патишта „Службен весник на РМ“ бр. 26/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.09.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во Одлуката за утврдување на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија („Сл. весник на РМ“ број 54/94 и 60/95) се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во точката 1 под Б) Регионални патишта, треба да стои: Р-105 Р'жаничино (врска со Р-103) - Средно Коњаре-Дивље - Ѓуриште - Свети Николе - Овче Поле (врска со М-5).
Р-118 Средно Коњаре (врска со Р-105) - Пчиња (врска со Р-201)
Р-119 Врска со Р-106 - Вашареица - Бучин (врска со Р-512)
Р-120 Врска со Р-106 - Добрушево - Новаци - Бач - врска со Р-510
Р-121 Могила (врска со Р-106) - Будаково - врска со Р-120
Р-122 Врска со Р-103 - Војшанци - Корешница - врска со М-1
Р-209 Врска со Р-206 - Секулица - Татомир - Павлешинци (врска со Р-201)
Р-211 Бучиште (врска со Р-206) - Злетово - Лесново - Пробиштип (врска со Р-206)

Р-302 Скопје (врска со М-3) – Сопиште – Говрлево (врска со Р-104)
Р-408 Гостивар (врска со Р-404) – Србиново – Растеш – врска со Р-104
Р-414 Маврово (врска со Р-413) – Галичник
Р-415 Бошков Мост (врска со Р-409) – Извор (врска со М-4), со краци за Селце, Гари и Лазарополе
Р-419 Струга (врска со Р-418) – Дрслајца – Долно Татеши – Локов–Селце (врска со Р-418)
Р-423 Требеништа (врска со М-4) – Ливоишта – Косел (врска со М-5)
Р-518 Кочани (врска со М-5) – Зрновци
Р-528 Виница – Градец – Плачковица – Радовиш (врска со М-6)
Р-531 Врска со М-5 – Оптичари – Гнеотино – врска со Р-120
Р-532 Кажани (врска со М-5) Лера – Стрежево – Црновец – врска со Р-416
Р-533 Делчево (врска со М-5) Габрово – граница со Р. Бугарија
Р-534 Врска со М-5 – Соколарци – врска со Р-206
Р-535 Берово – Ратево – Клепало
Р-607 Врска со Р-603 – Јаргулица – Покрајчево – Злеово – Владиевци (врска со М-6)
Р-608 Врска со М-6 – Муртино-Банско (врска со Р-605)

Како регионални патишта се предлагаат следните врски кон ново формираните општини:

– од магистралните патишта
К1-М2 Врска со М-2 Клечовце
К1-М4 Врска со М-4 – Камењане
К2-М4 Врска со М-4 – Неготино (Полошко)
К3-М4 Врска со М-4 (Тумчевиште) – Врапчиште
К4-М4 Врска со М-4 – Д. Бањица
К5-М4 Врска со М-4 – Вруток
К6-М4 Врска со М-4 – Зајас
К1-М5 Врска со М-5 – Тополчани
К2-М5 Врска со М-5 – Чешиново
К3-М5 Врска со М–5 – Оризари

– од регионалните патишта

К1-103 Врска со Р-103 – Катлановска бања
К2-103 Врска со Р-103 – Миравци
К1-106 Врска со Р-106 – Цапари
К1-109 Врска со Р-109 (Мајдан) – Пулевец (гр. со Грција)
К1-117 Врска со Р-117 – Студеничани
К1-201 Врска со Р-201 – Орашац
К1-202 Врска со Р-202 – С. Нагоричани – врска со Р-202
К1-406 Врска со Р-406 – Шипковица
К1-418 Врска со Р-418 – Вевчани
К1-419 Врска со Р-419 – Делогожда
К1-422 Врска со Р-422 – Лабуниште
Кр-505 Врска со Р-505 (Асамати) – Претор (Стар Пат)
К1-409 Врска со Р-409 Ростуше
К1-422 Врска со Р-507 – Бегова чешма

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-2056/1
9 септември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

**930.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 4/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.09.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА „ПОВРШИНСКА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МЕРМЕРИЗИРАНИ ВАРОВНИЦИ – ДРОБИНА“, ШТО ТРЕБА ДА СЕ ГРАДИ – ЕКСПЛОАТИРА ВО ОПШТИНА ВРУТОК**

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба за објектот „Површинска експлоатација на мермеризирани варовници – дробина“ што треба да се гради-експлоатира во општината Вруток, КО „Вруток“, во м.в. „Равниште“, на дел од КП бр. 39/3 и дел од КП бр. 40/1, опфатен со координатите издадени со Одобрението за експлоатационен простор на Министерството за стопанство бр. УП. 09 1-67/2 од 27.10.1995 година на инвеститорот „Врв“ – Комерц од Гостивар, на земјиште сопственост на Република Македонија и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2038/1
9 септември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**931.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 4/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.09.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ „МЛИН ЗА МЕЛЕЊЕ НА ЖИТО“, ШТО ТРЕБА ДА СЕ ГРАДИ ВО ОПШТИНАТА КИСЕЛА ВОДА – СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Млин за мелење жито“, што треба да се гради во општина Кисела Вода – Скопје, КО „Драчево“ во м.в. „Одново“, на КП бр. 2945/1, катастарска култура нива 3 класа, со површина 6828 $м^2$, од која за изградба на објектот се пренаменува 2600 $м^2$, сопственост на Република Македонија и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2035/1
9 септември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**932.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 4/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.09.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ „ПРОИЗВОДНО УСЛУЖЕН ОБЈЕКТ“, ШТО ТРЕБА ДА СЕ ГРАДИ ВО ОПШТИНА ЧАИР - СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Производно услужен објект“, што треба да се гради во општина Чаир - Скопје, КО „Визбегово“ во м.в. „Орманче“, на КП бр. 234, катастарска култура нива 5 класа, со површина 45.592 м², а за изградба на објектот се пренаменува 5000 м², сопственост на инвеститорите Стојановска Мара, Стојановски Александар, Стојановски Видоје, Стојановски Никодин и Златановски Коста, и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2032/1
9 септември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**933.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 4/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.09.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ „КРАВАРСКА ФАРМА“, ШТО ТРЕБА ДА СЕ ГРАДИ ВО ОПШТИНАТА НЕГОТИНО**

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Краварска фарма“, што треба да се гради во општина Неготино, КО „Неготино“, во м.в. „Дубровска“, на КП бр. 3290/2 катастарска култура пасиште од 5-та класа и КП 3290/4 катастарска култура нива 2 класа, кои се со вкупна површина 3309 м², а за изградба на фармата се пренаменува 2000 м², сопственост на Ручкоманов Никола, и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2034/1
9 септември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**934.**

Врз основа на член 37 од Законот за платен промет („Службен весник на РМ“ број 80/96, 9/94, 65/95 и 71/96), министерот за финансии донесува

**НАРЕДБА**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА СМЕТКИТЕ ЗА УПЛАТА НА ПРИХОДИТЕ ЗА ЈАВНИ ПОТРЕБИ**

1. Во Наредбата за сметките за уплата на приходите за јавни потреби („Службен весник на РМ“, број 7/94, 21/94, 38/95, 2/96, 21/96, 32/97 и 35/97), во делот I - Приходи на Републиката и на единиците на локалната самоуправа во точката 9 - Приходи што ги остваруваат органите на управата, правосудните органи и други приходи потточка 9.1., по сметката под реден број 11 се додава нова сметка под реден број 12 која гласи:

„12). 840-6296 - приходи од продажба на државниот капитал

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13 - 8743/1
10 септември 1997 год.
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Таки Фити**, с.р.

**935.**

Врз основа на член 18 и член 63 точка 15 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 29/96 - Пречистен текст), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LIX-та седница одржана на 16.09.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ПОРАСТОТ НА ДЕНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА БАНКИТЕ ВО ОКТОМВРИ 1997 ГОДИНА**

1. Банките можат да ги зголемат денарските пласмани одобрени на стопанските субјекти во општествена, приватна и мешовита сопственост и на граѓаните до 6,9 % на 31 октомври 1997 година, во однос на состојбата на тие пласмани на 31.07.1997 година.

По исклучок од став 1 на оваа точка, како пласмани кои не се под ограничување се подразбираат долгорочните денарски кредити одобрени врз основа на наменските денарски депозити на државата.

2. За новоформираните банки во периодот јуни 1996 до 30.06.1997 година, како основица за пораст на денарските пласмани се зема износот на основачкиот капитал на денот на основањето, намален за износот на девизните средства во девизната позиција во странство.

3. Банките можат меѓусебно да го разменуваат неискористениот дел од порастот на денарските пласмани до висината на дозволениот пораст, во согласност со точка 1 и 2 од оваа одлука.

Условите за меѓусебната размена, банките ги договараат со склучување на договор.

За износот на разменетиот лимит (право на пораст на денарските пласмани), банките се должни да ја известат Народна банка на Република Македонија во рок од два дена од склучување на договорот со доставување на фотокопија од истиот.

4. Доколку одредени банки покажуваат значителен износ на неискористено право на пораст на денарските пласмани, Народна банка на Република Македонија ќе го распредели неискористениот дел од правото на пораст на денарските пласмани на други банки кои го искористиле утврденото право.

5. Под денарски пласмани, во смисла на оваа одлука, се подразбираат денарските пласмани утврдени во точка I од Одлуката за методологијата за утврдување на вкупните денарски побарувања на банки и штедилници чиј што пораст се ограничува („Службен весник на РМ", бр. 7/97).

6. Заради следење и контрола на спроведувањето на одредбите на оваа одлука, банките ќе и доставуваат на Народна банка на Република Македонија декадни и месечни извештаи за остварената состојба на денарските пласмани. Декадните извештаи се доставуваат во Народна банка на Република Македонија два дена по истекот на декадата. Месечните извештаи се доставуваат врз основа на книговодствената состојба на тие пласмани на крајот на месецот еден ден по рокот предвиден за доставување на КН-БИФО (извештај за книговодствената состојба на сметките на банките).

7. Извештаите од точка 6 на оваа одлука банките ги доставуваат според Упатство што го пропишува гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

8. Оваа одлука влегува во сила во рок од 8 дена од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.10.1997 година.

О. бр. 02-15/LIX-1/97
16 септември 1997 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
д-р **Љубе Трпески**, с. р.

**936.**

Врз основа на член 18 и член 63 точка 15 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 29/96 - Пречистен текст), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LIX-та седница одржана на 16.09.1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ПОРАСТОТ НА ДЕНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА ШТЕДИЛНИЦИТЕ ВО ОКТОМВРИ 1997 ГОДИНА

1. Штедилниците можат да ги зголемат денарските пласмани одобрени на стопанските субјекти во општествена, приватна и мешовита сопственост и граѓаните до 6,9 % на 31 октомври 1997 година, во однос на состојбата на тие пласмани на 31.07.1997 година.

Штедилниците можат да го користат процентот од став 1 од оваа точка за зголемување на пласманите само до висина на основачкиот капитал и висината на прибраните штедни влогови со состојба на 30.09.1997 година.

Доколку прибраните штедни влогови се поголеми од основачкиот капитал, состојбата на денарските пласмани на штедилницата на 30.09.1997 година може да изнесува најмногу до двојната состојба на основачкиот капитал на штедилницата.

2. За новоформираните штедилници во периодот јуни 1996 до 30.06.1997 година, како основица за пораст на денарските пласмани се зема износот на основачкиот капитал на денот на основањето.

3. Доколку определени штедилници покажуваат значителен износ на неискористено право на пораст на денарските пласмани, Народна банка на Република Македонија ќе го распредели неискористениот дел од правото на пораст на денарските пласмани на други штедилници кои го искористиле утврденото право.

4. Под денарски пласмани, во смисла на оваа одлука, се подразбираат денарските пласмани утврдени во точка II од Одлуката за методологијата за утврдување на вкупните денарски побарувања на банки и штедилници чиј што пораст се ограничува („Службен весник на РМ", бр. 7/97).

5. Заради следење и контрола на спроведувањето на одредбите на оваа одлука, штедилниците ќе и доставуваат на Народна банка на Република Македонија декадни и месечни извештаи за остварената состојба на денарските пласмани. Декадните извештаи се доставуваат во Народна банка на Република Македонија два дена по истекот на декадата. Месечните извештаи се доставуваат врз основа на книговодствената состојба на тие пласмани на крајот на месецот еден ден по рокот предвиден за доставување на КН-БИФО (извештај за книговодствената состојба на сметките на банките).

6. Извештаите од точка 5 на оваа одлука штедилниците ги доставуваат според Упатство што го пропишува гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

7. Оваа одлука влегува во сила во рок од 8 дена од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.10.1997 година.

О. бр. 02-15/LIX-2/97
16 септември 1997 година.
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
д-р **Љубе Трпески**, с. р.

**937.**

Врз основа на член 19 став 3 точка 1 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ", бр. 29/96 - Пречистен текст), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LIX-та седница одржана на 16.09.1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА МИНИМАЛНА ЛИКВИДНОСТ НА БАНКИТЕ

1. Во Одлуката за одржување на минимална ликвидност на банките („Службен весник на РМ" бр. 7/97) се врши следната измена:

„Во точка 4 зборот „петтиот" се заменува со зборот „десеттиот".

2. Оваа одлука влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/LIX-3/97
16 септември 1997 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
д-р **Љубе Трпески**, с. р.

**938.**

Врз основа на член 53 став 2 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија, бр. 30/93) и врз основа на член 29 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.29/96 - Пречистен текст), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LIX седница, одржана на 16.09.1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАЈМАЛИОТ, ОДНОСНО НАЈГОЛЕМИОТ ИЗНОС НА ДЕВИЗИ КОЈ ОВЛАСТЕНИТЕ БАНКИ ЗА РАБОТА СО СТРАНСТВО МОРААТ, ОДНОСНО МОЖАТ ДА ГО ДРЖАТ НА СМЕТКИТЕ ВО СТРАНСТВО ОД 01.10.1997 ДО 31.12.1997 ГОДИНА

1. На банките кои добиле овластување за работа со странство до влегување во сила на оваа одлука им се утврдува износот од USD 55.040.000 како најмал износ на девизи кој мораат да го држат на сметките во странство и USD 88.064.000 како најголем износ кој можат да го држат на сметките во странство од 01.10.1997 до 31.12.1997 година.

Поединечните износи за најмалиот, односно најголемиот износ на девизи кој овластените банки за работа со странство мораат, односно можат да го држат на сметките во странство гувернерот на Народна банка на Република Македонија ќе ги утврдува со одлука за секоја банка поодделно.

Одлуките на гувернерот од претходниот став се обврзувачки во смисла на член 53 став 2 од Законот за девизно работење.

2. Банката што ќе добие овластување за вршење платен промет и кредитни односи со странство, по влегувањето во сила на оваа одлука мора да држи 25% од капиталот потребен за добивање овластување за вршење платен промет и кредитни односи со странство, како најмал износ на девизи на сметките во странство.

Износот од став 1 од оваа точка банката е должна да го достигне во рок од 30 (триесет) дена од денот на добивање на овластувањето за вршење платен промет со странство и кредитни односи со странство.

Поимот износ на девизи кој овластените банки за работа со странство мораат, односно можат да го држат на сметките во странство согласно оваа одлука, претставува износот на девизни средства во позиција пресметан според Одлуката за начинот и условите на купопродажба на девизи меѓу правните лица во Република Македонија.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за најмалиот, односно најголемиот износ на девизи кој овластените банки за работа со странство мораат, односно можат да го држат на сметките во странство од 01.03 1997 до 30.06.1997 година („Службен весник на Република Македонија - Посебен службен весник" бр. 2/97).

4. Оваа одлука влегува во сила 8 дена по објавувањето во „Службен весник на РМ", а ќе се применува од 01.10.1997 година.

О. бр. 02-15/LIX - 4/97
16 септември 1997 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
д-р **Љубе Трпески**, с. р.

---

## ОБЈАВА

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија - Скопје согласно со член 24 од Законот за семе („Сл. весник на РМ" бр. 18/73, 51/88, 20/90, 32/91 и 83/92), објавува дека во Регистерот на доработувачи на семенски материјал се запишува:

**ПТП „Агроунија"** - Скопје за доработка на семенски материјал од житни (без ориз), индустриски (без шеќерна репа) и фуражни (без луцерка) култури - регистарски број 26, решение бр. 10-4413/2 од 31.07.1997 година.

Бр. 10-4413/2
31 07.1997 година
Скопје

Министер,
м-р **Киро Докузовски**, с.р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

До овој суд тужителот Методија Поповски од Скопје, преку полномошникот, адвокат Владо Илиевски поднесе тужба за утврдување право на сопственост против тужената Миленка Миноска од Скопје, сега во странство со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Миленка Миновска од Скопје во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во овој суд или во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење.

Доколку тужената не постапи по налогот на овој суд ќе и биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси по правосилното окончување на оваа постапка.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, V.П.бр. 2167/97. (11820)

---

Пред овој суд се води спор од страна на тужителот Димитар Тутевски од Драчево против тужениот Рамаданов Идризов Садип од с. Студеничани, а сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Рамаданов Идриз Садип да се јави во Основниот суд Скопје II - Скопје во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да достави своја адреса или постави полномошник. Во спротивно, ќе му биде одреден времен старател што ќе ги штити неговите права и интереси во постапката.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, I. П.бр. 1440/97. (11893)

---

Пред овој суд поднесена е тужба, за поништување на договор за купопродажба по пат на лицитација, од тужителот Сашко Несторовски од Скопје, против тужените ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија Поп Русев Никола од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на општините во град Скопје бр. 3020-423 од 22.VIII.1997 година за привремен старател на тужениот Никола Поп Русев е поставен адвокатот Мирче Ристовски од Скопје,ул."Питу Гули" бр.55 - Скопје.

Се повикува тужениот Никола Поп Русев во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да се јави во судот. Во спротивно, неговите интереси во постапката ќе ги штити привремено поставениот старател.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, VIII П. бр. 3062/96. (11969)

---

Пред овој суд во тек е постапка за развод на брак по тужба на тужителот Фуад Чељо од Скопје, сега на времена работа во Германија, против тужената Јасминка Чељо од Скопје сега на привремена работа во Германија, со непознато место на живеење.

Се повикува тужената Јасминка Чељо во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во Основниот суд Скопје II - Скопје, или во тој рок да достави своја адреса или да назначи свој полномошник.

До колку тужената не се јави во определениот рок нејзините интереси во постапката ќе ги штити привремен застапник поставен од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на Општините на град Скопје, се- додека тужената лично или нејзин полномошник не ќе се појават во судот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XVIII П.бр. 2280/97. (12098)

## ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд се води парнична постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Љејља Емини од Куманово, против тужениот Ариз Емини, од с. Отља, сега на привремена работа во странство.

Се повикува тужениот Ајриз Емини, или било кое друго лице да му достави на судот точна адреса, или пак да се назначи полномошник кој ќе го застапува пред судот. До колку во рок од 30 дена не се јави ниту тужениот, ниту негов полномошник, судот ќе му постави привремен застапник од редот на стручните работници во судот.

Од Основниот суд во Куманово, V. П. бр.1729/97. (11801)

## ОСНОВЕН СУД ВО РАДОВИШ

Пред Основниот суд во Радовиш, се води спор за сопственост по тужбата на тужителот Салиев Зулфикар Маарем од Радовиш, против тужените Алиов Изет Јашар и Мемедов Ибраим Агуш од Радовиш, сега со непозната адреса на жовеење во Република Турција. Вредност на спорот 9.000 денари.

Бидејќи тужените Алиов Јашар и Мемедов Агуш се со непозната адреса за привремен застапник им се поставува Петре Поп- Лазаров, адвокат од Радовиш.

Привремениот застапник ќе ги врши сите права и обврски на застапник додека тужените или нивни полномошници не се појават пред судот, односно не го известат судот дека лично ќе се појават или ќе определат други полномошници.

Од Основниот суд во Радовиш,П.бр. 473/97. (12024)

## ОСНОВЕН СУД ВО СТРУМИЦА

Пред Основниот суд во Струмица се води спор за поништување на наследничка изјава по тужбата на тужителката Слободанка Темкова од Струмица, против тужената Вера Темкова од Струмица, а сега со непозната адреса, за привремен застапник на тужената е поставена Валентина Митева, стручен соработник во овој суд.

Привремениот застапник ќе ги застапува интересите на тужената до нејзиното појавување во овој суд или нејзиниот полномошник, доколку не се јави тужената во рок од 15 дена од објавувањето на огласот.

Од Основниот суд во Струмица,П.бр. 287/95. (11837)

---

Пред Основниот суд во Струмица се води спор за неосновано збогатување по тужбата на тужителката Бајути Бланка-Вера од Струмица, против тужената Вера Темкова од Струмица, со непозната адреса. За привремен застапник на тужената, се поставува Валентина Митева, стручен соработник во овој суд.

Привремениот застапник ќе ги застапува интересите на тужената, до нејзиното појавување во овој суд, или нејзин полномошник, доколку не се јави во рок од 15 дена од објавувањето на огласот.

Од Основниот суд во Струмица, П.бр. 1340/95. (11838)

Пред Основниот суд во Струмица се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Петре Костов од Струмица, против тужената Тана Костова од Струмица, сега со непознато место на живеење, за привремен застапник на тужената се поставува Валентина Митева, стручен соработник во овој суд.

Привремениот застапник ќе ги застапува интересите на тужената до нејзиното појваување пред овој суд или нејзин полномошник, доколку не се јави тужената во рок од 15 дена од објавувањето на огласот.

Од Основниот суд во Струмица, П.бр. 581/97. (11839)

## ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово се води постапка за сопственост по тужбата на тужителите Ајрули Ајрула од с. Камењане, и други, против тужените Зулбехари Имбрли од с. Камењане, Јусуфу Шукрије од с. Камењане и Зулбехари-Руфати Ѓилхире од с. Боговиње, сега во СР Германија со непозната адреса.

Се повикува тужената Зулбехари Руфати Гулхере да се јави во судот во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на огласот или да одреди свој полномошник кој ќе ја застапува пред судот во постапката по овој предмет.

